Ванчо ЃОРЃИЕВ
Институт за историја

# АФЕРАТА МИС СТОН

**1.** Кон крајот на летото 1901 година била киднапирана Мис Стон. Со тоа започнала 6 месечна мистериозна афера. Според времетраењето, спектакуларноста, остварениот финасиски ефект и афирмацијата на македонското ослободително дело на меѓународен план, тоа е најкрупната афера во историјата на Тајната македоно одринска револуционерна организацијата (ТМОРО). Главни актери во неа биле: Јане Сандански, Христо Чернопеев и Крсто Асенов.



*Главниѿе акѿери: Х.Черноѿеев, Ј. Сандански и К. Асенов*

Мотивот за киднапирањето на Мис Елен Стон, произлегувал од финасиските потреби на ТМОРО за македонското револуционерно нацио-наналноослободително движење.[1] Летото 1901 година на едно советување во Ќустендил, помеѓу Гоце Делчев, Јане Сандански и Христо Чернопев било констатирано дека дека ситните грабежи го нарушуват престижот на Организацијата, а не придонесуват за нејзино финансиско консолидирање. Оттука Ј. Сандански предложил да се киднапира бугарскиот кнез Фердинанд. Меѓутоа, Г. Делчев тоа го отфрлил и предложил да се изнајде начин до пари да се дојде надвор од границите на Бугарија.[2]

---

[1] Финасиските потреби за македонското револционерно националноослободително движење, биле главен мотив, кој ја терал ТМОРО да прибегне кон киднапирање на личности, за кои сметала дека ќе добие соодветен откуп. Лошата финасиска положба во Организацијата, посебно дошла до израз по Солунската провала од јануари 1901 година. Тоа било констатирано и на едно Советување во Софија во март 1901 година. (Р.Р, Страници от миналото. Мъката на Гоце. Македонско дело, 2/41, 10.05.1927, 6.)

[2] Лаура Бет Шерман, Пожари в планината, Македонското революционно движение и отвличането на Елен Стоун, (превод от английски Екатерина Николова), София 1992, 25. Во оригинал: Laura Beth Sherman-Feldman. Firs in the Mountain. The Masedonian Revolutionary Movement and the Kidnapping of Ellen Stone. Columbia University New York, 1980.

Околу Петровден 1901 година, Сава Михајлов, Ј. Сандански и Х. Чернопеев, скроиле план да го фатат Сулејман-бег од Горна Џумаја. Планот не бил реализиран поради болест на бегот.[3] Со слични намери Сандански и Чернопеев заминале во Разлошко, каде сметале да го фатат протестантскиот мисионер од Солун д-р Хаус. Бидејќи Хаус го одложил патувањето, планот пропаднал. Меѓутоа, тие дознале дека во Банско се наоѓа протестантската мисионерка Мис Елен Стон и одлучиле да ја киднапираат.[4] Според Х. Чернопеев, тоа било поприлвлечно бидејќи: "д-р Хаус, секогаш бил пријател на селаните ... За Мис Стон јас не држев многу. Таа често проповедаше против нас, велејќи на селаните, дека Господ ќе ги оттргне од бедите, а не 'разбојниците' ... тоа ја направи работата полесна за проголтување".[5]

За намерата бил сондиран местниот комитет во Банско на чело со Димитар Лазаров,[6] и членовите: Борис Тодев, Симеон Молеров, Иван (Јонка) Колчагов и Иван (Јонка) Ваканов. Последните двајца биле протестанти, па затоа во прво време се колебале.[7] Притоа бил утврден следниот план: 1. Четата ќе се состои од малку луѓе и тоа: Сандански, Чернопеев, стариот ајдутин Стојан Просјакот, и уште двајца четници, кои два дена порано ќе заминат за с. Градево; 2. Фаќањето да се изведе на патот од Разлог за Г. Џумаја кај месноста Потпрена Скала; 3. Да се извести раководителот Ангел Мазнеов во с. Градево за да даде содејство; 4. Со четата да замине Вапцаров за да ги посочи жените; 5. Пред жените со бела крпа на главата ќе замине Митре Захов, за да го најави нивното пристигање; и 6. За придружничка на Мис Стон да се земе г-ѓа Елена Ушева.[8] Дозвола за реализација на планот била побарана од Г. Делчев и Ѓорче Петров. Делчев со колебал, а Ѓорче не верувал дека ќе се извлечат големи пари. Творците на планот одлучиле да дејствуваат на своја глава.[9]

Мис Елен Стоун е американски државјанин, која во 1878 година, дошла во Бугарија на работа во американското женско училиште во Самоков, а покасно во Пловдив. По престојот во САД, во 1898 година, Американскиот совет за странски мисии ја назначил за протестантски агитатор сред жените во Солун. Во тоа својство летото 1901 година, престојувала во Банско каде организирала курс за учителките за основните протестантски училишта и за жените од Библиското друштво.[10] Во работата ѝ помагала Катерина Цилка (по татко Стефанова), родум од Банско. Таа била мажена за албански протестантски свештеник од Корча со кого се запознала за време на образованието во САД. По завршувањето на летниот курс во Банско, Мис Стон требало да се врати

---

[3] Движението отсамъ Вардара и борбата съ вvvvърховистит', По спомени на Яне Сандански, Чернъо П'евъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасов Гърчето, Петъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, сообщава Л. Милетич, София, 1927. ( Спо-мени на Сава Михайловъ..., 87.; Спомени на Яне Сандански..., 17.)

[4] Спомени на Яне Сандански..., 17.; Спомени на Чернъо П'евъ..., 59.

[5] Мерсия Макдермот, За свобода и съвршенство. Биграфия на Яне Сандански, (превод от ангийски Веселин Измирлиев), София, 1987, 71.

[6] Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ и г-жа Катерина Стефанова Цилка, сообщава Л. Томовъ, Ил. Илинденъ г. V/ 9-10 (49-50), София, 1933, 25.

[7] Исто.; Спомени на Яне Сандански..., 19.

[8] Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ..., 25.

[9] Спомени на Сава Михайловъ..., 87.

во Солун, а Катерина со семејството во Корча.[11] На 21.8./3.9.1901 година,[12] тие со поголема придружба тргнале од Банско за Горна Џумаја. Преку местниот комитет за нивни кирации биле наместени Георги Мацурев и Саве Мехомиски.[13]

**2.** Додека Сандански и Чернопеев го подготвувале планот, четата ги чекала во Пирин под времена команда на Никола Дечев. Долгото чекање му здодеало на Дечев, поради што напишал остро писмо до Сандански. Во него потенцирал доколку тој и Чернопеев не се вратат истата вечер во четата, таа ќе замине за Кнежеството.[14] Затоа, Сандански и Чернопеев веднаш се вратиле со 8-мина вооружени селани. Поради остриот тон на писмото избило расправија. Како резултат на тоа 11-мина од 14-члената чета биле разоружани и вратени во Бугарија. Така со Сандански и Чернопеев, останале: Димитар Ќосето, Стоил Просјаков и Димитар Инев. Тројца биле запознати со планот за одвлекување на Мис Стон. Местниот комитет од Банско требало да им даде сигнал за почеток на акцијата. Во меѓувреме добиле писмо од Симеон Молеров, дека некој од банските чорбации се спротивставил на одвлекувањето. Сандански и Чернопеев повторно влегле во Банско за да ги „испеглаат" работите до крај. Се чини дилемите ги пресекол Чернопеев со зборовите: „Добро, но дајте вие по 5000 лири, секој и ќе се откажеме".[15]

Во меѓувреме претседателот на ОК во Банско, Димитар Лазаров се запознал со Мис Стон и од неа го дознал точното време и датумот на поаѓање.[16] Откако биле уредени сите прашања и по засилувањето на четата со 6-мина селани, таа заминала кај Потпрената Скала. Набрзо им се придружил Крсто Асенов со 5 души. Целта ја знаеле само неколкумина. Од заведувачки причини биле облечени во аскерски и други турски алишта.[17] Доцна приквечер пристигнале очекуваните патници. Во тринаесет-члениот караван покрај Мис Стон се нашле: Катерина Ушева, нејзиниот син Петар, Катерина Цилка со сопругот Глигор, 3 млади учителки и 2 ученици. Групата требало да се раздели во Г. Џумаја. Притоа, Мис Стон да замине за Солун, семејството Цилка за Корча, другите за други места.[18] Планираната разделба се случила порано и под други околности.

Патниците биле пресретнати и поведени в планина. По двочасовен забрзан марш го добиле првиот одмор. Тогаш, Мис Стон и Катерина Цилка биле одделени од групата и одведени на страна. Цилка, која била бремена во 5 месец била земена како придружничка на Мис Стон од морални причини за да не

---

[10] М. Макдермот, За свобода и съвършенство...,71.

[11] Исто.

[12] Исто, 73; Спомени на Яне Сандански..., 20. Меѓутоа во написот на Л. Томов, стои погрешно дека фаќањето на Мис Стон било на 3/16. 09. 1901година. Очигледно Томов, фаќањето го дава по новиот календар, а потоа уште еднаш го претвора по нов стил, при што погрешил. (Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ..., 26.)

[13] Пленяването ма Мисъ Ел. Стонъ..., 26.

[14] М. Макдермот, Са свобода и съвършенство..., 71.

[15] Исто, 72.

[16] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 28-29.

[17] Спомени на Яне Сандански...,19-20.

[18] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 29.

бидат обвинети за неморал. Таа била земена наместо возрасната Катерина Ушева, која имала здравствени проблеми.[19] Останите од групата биле ослободени следното утро со инструкции да соопштат на власта дека жените се фатени од чета која говори турски.[20]

Во текот на грабнувањето се појавиле непредвидени околности и проблеми. Мис Стон од Банско тргнала подоцна од планираното. Во меѓувреме поради присуство на турска војска, селаните не успеале да ја снабдат четата навреме со храна. Така во дводневното чекање на патниците, четниците прегладнеле. Оттука веднаш по одвлекувањето, тие го претресле багажот на патниците. Притоа им била одземена сета храна и една Библија. Грабнувачите, заборавајќи дека глумеле Турци, веднаш се нафрлиле врз свинските производи.[21] Според Сандански, тие во почетокот се труделе меѓу себе да говорат турски, но брзо се откажале бидејќи не го познавале добро.[22]

Непосредно пред одвлекувањето, на местото на заседата неочекувано се појавил еден Арнаутин.[23] По предупредувањето да застане, тој почнал да пука со револвер, при што полесно ранил едно момче.[24] Затоа, тој бил поведен со пленетите патници. При распрашувањето, Сандански и Чернопеев утврдиле дека станува збор за насилник, кој извршил многу злосторства. Поради тоа К. Асенов ја изгубил ладнокрвноста и веднаш го ликвидирал пред очите на фатените патници. Тој настан, како и земањето на храна од свинско месо го поткопал мислењето на патниците, дека грабнувачите се Турци.[25]

Од безбедносни причини, четата се движеле претежно ноќе и го менувала правецот на движењето. На втората ноќ Сандански ја повредил ногата.[26] Уште понесреќно било откритието дека Катерина Цилка е бремена.[27] За неа, и за Мис Стон биле обезбедени коњи.[28] Вториот ден биле во околината на с. Долна Сушица. За утеха на жените им биле подарени горски цвеќиња и претходно одземената Библија. Поради таквиот однос тие сфатиле дека не се грабнати заради грабеж, туку од други причини.[29] Третата ноќ кај с. Сушица им откриле дека се грабнати за откуп. Чернопеев ги предупредил дека доколку се обидат на бегство ќе бидат убиени. Мис Стон одговорила дека тие нема да дадат таков повод, а доколку им се случи нешто, тие ќе бидат судени од бога.[30] Истовремено им било откриено дека за нив ќе се побарат 25 000 т. лири, или како што пресметала Мис Стон 101.000$. Исплашена од големата сума, Мис Стон рекла дека тие не се принцези, ниту пак милионерки и дека Американскиот

---

[19] Исто, 30.; М.Макдермот, За свобода и съвршенство..., 73.; Спомени на Яне Сандански..., 19.

[20] Л.Б. Шерман, Пожари в планината..., 31.

[21] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 74.

[22] Спомени на Яне Сандански..., 20.

[23] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 74. Меѓутоа според Сандански, тој бил Турчин. (Спомени на Яне Сандански..., 19.).

[24] Спомени на Яне Сандански..., 19.

[25] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 74.

[26] Спомени на Яне Сандански..., 20.

[27] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 74.

[28] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 31.

[29] Исто, 32.

[30] Исто, 33-34.

совет за пропаганда, нема да го плати откупот за да не направи преседан.[31]

Третата ноќ, четата со заложничките, поминала во Бугарија да отседне таму додека не стивне шумот во Џумајско.[32] Краткотрајно престојувале во селата Флорош и Црвиште. Во меѓувреме, Сандански во Дупница разбрал дека бугарска војска и полиција ги пребаруват пограничните области. Затоа, веднаш се вратиле назад во Џумајско.[33] Привремено се сместиле во една самотна куќа во Селиште, од каде што започнале обидите за отпочнување на преговори за откуп.[34]

**3.** Мис Стон е прв американски граѓанин, киднапирана надвор од територијата на САД.[35] Веста за нејзиното киднапирање ја пренеле ослободените сопатници на чело со Глигор Цилка. Тие на 4.9.1901 година се вратиле во Банско, каде ја известиле власта и тамошната протестантската заедница. Таа, на 5 септември, за настанот телеграфски го известила главниот протестантски мисионер во Македонија д-р Џон Хаус во Солун. Тој веднаш го известил американскиот конзул во Солун П. Х. Лазаро, кој информацијата ја препратил до американскиот генерален конзул во Цариград и солунскиот валија. Лазаро изнудил ветување од власта, да не презема мерки за гонење на четата и ослободување на жените, бидејќи тоа можело да биде опасно. Лазаро, му препорачал на Дикенсон во Цариград, да ја предупреди Портата од опасноста при вмешување на војската и дека Империјата треба да го плати откупот. [36]

Османлиските власти во Банско најпрво ги привеле кирациите Саве Мехомиски и Георги Мицурев.[37] Во Г. Џумаја пристигнала војска од Сер. Потерите почнале да ги обиколуваат селата околу кои било извршено грабнувањето. Од Градево биле мачени повеќе селани, 15 од нив биле одведени во Г. Џумаја. Потерите ги засегнале селата: Србиново, Хрсово, Марулево, Бистрица, Влахи, Кресна и други. Некои од повидните жители побегнале во Бугарија, меѓу нив и претседателот на џумајската општина.[38] Во Мехомија (Разлог) пристигнала војска и жандармерија на чело со серскиот мутесариф, а Банско било целосно блокирано.[39] Во Мехомија се испратени 60 војници и 60 жандарми. Во куќата на тамошниот кајмакам Беди Нури ефенди било одржано советување помеѓу претставниците на османлиските воени, полициски и цивилни власти. Истиот ден, во Разлог, врзани биле доведени сите овчари и говедари од разлошката околина.[40] Тие биле мачени и распрашувани да откријат каде е четата и кој ја снабдува со храна. Следниот ден биле ослободени откако дале по 2 бели меџидии за „сенет“, со што се задолжиле штом видат комити да ѝ соопштат на власта. Од приведените сточари најмачен бил 67 годишниот Атанас Вла-

---

[31] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 74.
[32] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 34.
[33] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 75.
[34] Исто, 76.
[35] Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 41.
[36] Исто, 38.
[37] Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ..., 26.
[38] Право, II/ 3 (11), София, 12.09.1901, 2.
[39] Исто.
[40] Право II/12 (20), София 11. 11. 1901, 3.

вот. Тој бил ослободен на 13/26.11.1901 година. При мачењето на приведените, на устите им биле ставани торби полни со пепел за да не се слуша викањето.[41]

За да дојде до сознанија за грабнувачите, власта се послужила со лукавост. За таа цел бил ангажиран Руне Мустафа-Пеливан, познат како „Господ на Ѓаурите". Под негово водство била формирана една дружина од жандарми. Тие, преоблечени во комитски алишта, почнале да ги обиколуват селата. Барајќи храна и засолниште по овчарските колиби и по селата тие се претставувале како комитетска чета испратена од Бугарија. Секаде каде што се појавиле, сточарите веднаш јавиле во конакот. Така, овој план на власта пропаднал.[42]

На 4/17.9.1901 година, Банско било под целосна блокада. При претресот во куќата на кираџијата Саве Мехомиски биле пронајдени 2 кримки и една берданка. Истовремено биле претресени домовите на Симеон Молеров, Иван Проданчин и Миле Бизов, кои побегнале од Банско. Од таму бил приведен Владимир Даскалов, син на џумајскиот протестански проповедник. Најлошо од сите поминал Саве Мехомиски. Власта, за да извлече од него признанија, му ветувала турска служба и плата од 4 лири месечно. Притоа му поднеле листа од 40 лица како можни грабнувачи и побарале да ги посочи вистинските. На 7/20.09, тој бил облечен во турски алишта и одведен во с. Мечкул. Таму му дале нов список од 12 селани за да посочи кој од нив е замешан во грабнувањето. Бидејќи не признал ништо, 2 часа бил обесен со главата надолу. Тој со уште двајца селани бил одведен воГрадево, каде започнале нови приведувања.[43] Во Банско бил уапсен претседателот на ОК на Димитар Лазаров,[44] Костадин Колчагов,[45] Борис и Георги Тодеви, Иван Витанов и други.[46]

На 9/22.9.1901 година во Мехомија дошла специјална комисија од Солун по што биле ослободени сите со исклучок на Саве Мехомиски и Димитар Лазаров.[47] Таквата одлука на власта уследила по интервенцијата на англискиот конзул во Солун Алфред Биљоти.[48] Очигледно, иако биле уапсени повеќе мина кои биле инволвирани во одвлекувањето на Мис Стон, благодарение на нивната цврстина власта не открила ништо.

На 5.9.1901 година за одвлекувањата на Мис Стон дознала бугарската влада. Таа самоиницијативно превзела мерки за обезбедување на границата.[49] Во меѓувреме во дипломатските кругови протекле разни претпоставки околу можните грабнувачи. Меѓу нив дури дека во грабнувањето се замешани самите Мис Стон и Цилка како симпатизери на македонските револуционери за да извлечат многу пари. Врз основа на искажувањата на ослободените патници, кои забележале дека грабнувачите јаделе свинско месо и дека зборуват лош

[41] Исто.
[42] Исто.
[43] Исто.
[44] Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ..., 26. Во текстот погрешно стои Димитар Стефанов.
[45] Право, II/ 6 (14), София, 30.09.1901, 3.
[46] Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ..., 26.
[47] Право, II/12 (20), София, 11.11.1901, 4.
[48] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 39.
[49] Исто.

турски јазик, независно од тоа што биле во турска облека се добил впечаток дека станува збор за македонска банда под влијание на Сарафов.[50]

**4.** Шест дена по грабнувањето на 9.9.1901 година во Селиште, Мис Стон била натерана да го напише првото писмо со што требало да започнат преговорите за откуп. Писмото било диктирано од Сандански и Чернопеев, а нејзе и било оставено да одлучи до кого ќе го адресира. Таа се одлучила за Костадин Петканчин, протестант од Банско и нејзин стар пријател. Од него е побарано да го извести касиерот на американскиот совет во Цариград, Вилијам Пит, дека за нивниот откуп се бараат 25 000 т. лири.[51] Изгледа куририот не го нашол Петканчин, а писмото го оставил на неговиот праг. Исплашен од тоа Петканчин го предал писмото на власта со што пропаднал првиот обид за отпочнување на преговорите.[52] На тој начин истекле 11 од 20 дена дадени како рок во писмото, без да се постигне никаков напредок.[53] Тогаш, Мис Стон била натерана да напише писмо до протестантскиот мисионер во Самоков, д-р Хаскел. Него го однел лично Крсто Асенов.[54] Тој на 24.9.1901 година го предал писмото низ прозор и исчезнал. Во писмото било нагласено дека парите треба да се донесат во Банско, каде четата ќе го организира приемот. Притоа бил даден рок од 18 дена. Заедно со писмото било доставено и полномоштво од Мис Стон и Цилка со кое доставувачот на писмото можел да ги прими парите. Хаскел на 28 септември, се нашол во Цариград. Таму се сретнал со Вилјам Пит, времениот американски претставник Еди Пенсер,[55] и со дотогашниот генерален американски конзул во Цариград Чарлс Дикенсон. Последниот на 4.10.1901 година пристигнал во Софија.[56]

Во случајот Мис Стон се вмешал и Американскиот департмент. Тој почнал да дава инструкции до Дикенсон и Лејшман, притоа објавувајќи дека Департментот нема да се занимава со прашањето, а целата одговорност за откупот ја препушта во рацете на Лејшман.[57] Во време на аферата, САД и Бугарија немале директни дипломатски односи. Американските интереси во Бугарија ги застапувало англиското претставништво. Во 1901 година САД и Бугарија потпишале спогодба за отворање на американско претставништво во Софија. На 3 јули 1901 за американски претставник во Софија бил предложен дотогашниот генерален конзул во Цариград, Чарлс Дикенсон. Меѓутоа, неговиот статус не бил потврден од Фердинанд.[58] До пристигањето на Дикенсон во Софија, англиски претставник Џејмс Мак Грегор ја изнел американската загриженост за Мис Стон пред бугарската влада. Од неа побарал да преземе мерки за фаќање на четата, која можеби била поттикната од Борис Сарафов, и побарал

---

[50] Исто, 40-41.; Арфив на Македонија (АМ), ф. Форин Офис (ФО), мф. 331 78/5148, No. 139, 18.09.1901, Софија.

[51] Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 35.

[52] Спомени на Яне Сандански..., 20.

[53] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 76.

[54] Спомени на Яне Сандански..., 20.

[55] Л.Б.Шерман, Пожари в планината..., 36-37.

[56] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 76.

[57] Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 41-42.

[58] Исто, 42.

да не му допуштат да ја напушти земјата.[59] Мак Грегор ја напуштил поранешната претпоставка дека грабнувачите се турски дезертери и сметал дека тие се во врска со Врховниот комитет (ВК) и дека се кријат околу Рилскиот манастир. Бугарската влада, ветила дека ќе го надгледува Б. Сарафов, но забележала дека тој веќе не е фактор во ВК.[60] Мак Грегор го известил Леијшман во Цариград, дека бугарската влада не е подготвена да превземе дејство и дека Сарафов има многу приврзаници во Македонија, кои би можеле да го извршат грабнувањето.[61] Така, бугарската влада неосновано се нашла во незгодна положба иако презела сериозни мерки.

Американскиот совет за пропаганда и државниот депармент објавиле дека нема да го платат откупот за Мис Стон, бидејќи со тоа би се создал опасен преседан. Департментот не можел да одобри средства за откупот без дозвола на Конгресот на САД.[62] На 3.10.1901 година, американскиот државен секретар му препорачал на секретарот на Американскиот совет, дека парите за откуп можат да се соберат по пат на доброволни прилози. Истовремено ветил дека администрацијата ќе го убеди Конгресот да ги врати парите на дарителите. За таа цел во САД бил формиран Комитет и била отворена посебна сметка во банка. Во таа смисла на 24.9. 1901 година, Департментот ги известил своите претставници во Цариград дека владата на САД и американскиот совет не ја превземат одговорност за плаќање на откупот, но нема да пречат на доброволните прилози.[63] Департментот, иако изјавил дека нема да се занимава со преговори за откуп, ветил помош и содејство. Тој препорачал сите активности да се координираат преку Вилијам Пит, касиерот на Американскиот мисионерски совет во Цариград.[64]

Дикенсон во Софија пристигнал на 4.10.1901 година. Тој ги заборавил инструкциите од Департментот и се објавил за официјален посредник во преговорите. Тој му напоменал на Стојан Данев - бугарски министер за надворешни работи, дека одвлекувањето е организирано од ВК и дека за одговорна ќе ја држи бугарската влада. Во таа смисла испратил повеќе обвинителни ноти. Бугарија се бранела дека грабнувањето било на турска територија и дека не може да се докаже присуството на грабнувачите во Бугарија. Бугарскиот министер за внатрешни работи, Михаил Сарафов, со нота го известил Дикенсон, дека нема да дозволи откупот да се изврши на бугарска територија бидејќи со тоа би се создал преседан, кој ќе го користат и други грабнувачи од Турција. Независно од тоа Дикенсон продолжил со притисокот, залагајќи се дури да организира сопствена истрага.[65] Неговото однесување придонело во март 1902 година, да биде прогласен за непожелна личност во Бугарија.[66]

---

[59] Исто, 43.

[60] Архив на Македонија (АМ), фонд (ф): Форин Офис ( ФО), микрофилм бр. (мф) 331, 78/5148, No. 139, 18.09.1901, Софија.

[61] Л. Б. Шерман, Пожери в планината..., 43.

[62] Исто, 45.

[63] Исто, 45-46.

[64] Исто, 46.

[65] Исто, 46-50.

[66] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 77.

Во надмудрувањата со бугарската влада Дикенсон изгубил долго време. Во меѓувреме попрактичен бил американскиот вршител на работите во Цариград Еди Пенсер. Тој знаел дека за откупот се бараат 25.000 лири. За секоја евентуалност, од власта побарал да не ја опколува и напаѓа четата пред ослободувањето на Мис Стон. Тој стапил во контакт во рускиот претставник Зиновјев, кој според него имал влијание врз ЦК. Зиновјев ветил дека ќе направи се што е можно.[67]

Во меѓувреме истекувал крајниот рок што го поставила четата во писмото до Хаскел. Една недела пред тоа, Дикенсон се одлучил на спасителна акција. На 7.10.1901 година тој разбрал дека четата се наоѓа на Пирин. Затоа предлагал заедничка акција на османлиската и бугарската армија за нејзино фаќање и ослободување на заложничките. Овој план бил категорично отфрлен. Немајќи излез, Дикенсон се одлучил на преговори со четата.[68]

Почитувајќи го дадениот рок, д-р Хаскел на 8 октомври се вратил во Самоков. Меѓутоа од четата немало никаков сигнал, веројатно поради набљудувањата од власта.[69] На 25.10.1901 година, К. Асенов го доставил второто писмо од Мис Стон до д-р Хаскел. Со него рокот за откупот бил продолжен за 8 дена. Тогаш Хаскел се обидел да преговара за пониска цена. Затоа, Асенов се вратил назад за да се консултира со четата. Хаскел за воспоставениот контакт го известил Дикенсон. Тој пристигнал во Самоков на 29 октомври 1901 година. Три дена пред тоа, Дикенсон добил известување од Департментот дека од доброволните прилози во САД биле собрани 66.000$. Еди Пенсер и Вилијам Пит сметале дека Дикенсон со своето присуство ќе му попречи на Хаскел. Сепак, Дикенсон не успеал да се сретне со К. Асенов бидејќи тој се вратил во четата.[70]

Во меѓувреме рускиот дипломатски претставник во Софија Бахматиев преку К. Бојаџиев воспоставил контакт во студентот Лазар Томов. Преку него, со посредство на Никола Малешевски било испратено писмо до Мис Стон од нејзината поранешна ученичка Касарова.[71] Мис Стон одговорила на задната страна од писмото. Истовремено таа напишала писма до Дикенсон и до нејзиното семејство. Споменативе писма ги зеле К. Асенов и Чернопеев, кои заедно со Л. Томов заминале за Софија.[72] На 31 октомври Л. Томов, преку Бојаџиев ги предал писмата до Бахматиев.[73] Тој го известил Дикенсон, дека дошол човек за преговори. На 5 ноември 1901 година во хотелот Бугарија, Дикенсон се сретнал со К. Асенов. Веднаш потоа на 8 ноември имал средба со Чернопеев, а на 13 ноември со двајцата. Во извештаите Дикенсон забележал дека Асенов му направил впечаток, но не и Чернопеев. На последната средба, Дикенсон понудил 10.000 лири. Преговарачите одговориле преку посредници дека не ја прифаќат понудената сума. Затоа, Дикенсон испратил ултиматум доколку

---

[67] АМ. ф. ФО, мф. 332, 78/5124, No. 360, 6.10.1901.
[68] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 51-53.
[69] Исто, 53.
[70] Исто, 54.
[71] Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ..., 27.
[72] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 77.
[73] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 55.

за една недела не ги прифатат 10.000 лири, парите ќе се вратат назад, а тој ќе се откаже од преговорите. За да биде поубедлив на 26.11.1901 година, тој ја напуштил Софија и заминал за Цариград.[74]

Според Ѓ. Петров, Дикенсон во преговорите се однесувал од високо и не сакал да преговара со разбојници. Нему му било одговорено дека тие не ја признават бугарската влада, дека таа е нивен непријател и доколку тој се осуди да ги предаде на бугарските власти, не ќе го остават жив, а и сами не ќе се предадат живи. Оттука Дикенсон, пазарлакот, го започнал со 5.000 т. лири.[75] Имајќи го предвид однесувањето на Дикенсон, нема сомнение дека тој се држел заканувачки кон преговарачите. Во тој контекст сосема е оправдано тврдењето на Сандански дека додека Асенов преговарал, Чернопеев вардел од надвор.[76]

Дикенсон не можел да ги убеди преговарачите за висината на откупот. Освен тоа, тие инсистирале парите да се предадат во Бугарија, а ослободувањето на заложничките да биде на османлиска територија. Наспроти тоа Дикенскон инсистирал предавањето на парите и ослободувањето на жените да се извршат во исто време и место.[77] Иако воспоставил директни контакти со актерите на грабнувањето, тој бил убеден дека поттикнувачот бил Сарафов. Дикенсон верувал дека киднапираните цело време престојувале во Бугарија. На крај тој се сомневал во преговарачите зошто по секои преговори барале да се консултираат со своите претставници во Македонија.[78]

Поради своите мудрувања Дикенсон ја загубил довербата во САД. Департментот констатирал дека тој загубил премногу време во обиди да ги докаже своите наоди против бугарската влада, наместо да ги насочи силите за ослободување на Мис Стон.[79] Меѓутоа, Дикенсон не бил единствениот преговарач. Вршителот на работите во Цариград во првата декада на ноември побарал дозвола од Департментот, во Солун да го испрати легациониот секретар Гарџиоло за да воспостави контакт со четата.[80] Исто така се ангажирал и директорот на американскиот колеџ во Цариград. Тој предложил во околината на Солун да се испратат луѓе што го знаат јазикот на населението. Овој предлог го прифатило претставништвото во Цариград и побарало дозвола од Департментот за преговорите да ги ангажира Гарџиоло и Пит со предлог од 66.000$-15.000 т. лири. Департментот предложил да се формира комитет за преговори. Истовремено за да се олесни неговата работа било разгласено дека за откупот се располага со 66.000$. Доколку и тоа не успеало, тогаш на САД им останувале 3 опции; 1. да го платат целиот откуп од 25.000 лири; 2. да побараат од Турција и Бугарија воена акција за фаќање на четата; и 3. да се принуди бугарската влада да ја преземе одговорноста за ослободувањето на Мис Стон,

---

[74] Исто, 55-56.

[75] Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, (вовед, коментар и редакција: Љубен Лапе), Скопје, 1984, 154.

[76] Спомени на Јане Сандански..., 20.

[77] АМ, ф. ФО, мф, 331, 78/5148, No 161, 14.11.1901.

[78] Исто.

[79] Л. Б. Шерман, Пожари в планината... 72.

[80] Исто, 56.

откако ќе се испратат воени бродови во Варна.[81]

**5.** Никој од актерите во киднапирањето не помислувал дека преговорите ќе се усложнат до тој степен, така што целата акција да трае половина година. Во таква ситуација посебен проблем претставувало чувањето на заложниците на безбедно место. Со тоа бил задолжен Сандански. Четата морала постојано и брзо да се движи. Тоа било отежнато од повеќе околности. Османлиските потери се разлетале насекаде во Пирин. Престојот на бугарска територија се покажал не сигурен поради превземените мерки од бугарска страна. Како загрозувачки фактор се појавила врховистичката чета на Дончо. Движењето на четата заедно со заложниците било уште потешко со оглед на фактот што станувало збор за жени. Мис Стон била на 55-годишна возраст,[82] а Катерина Цилка во моментот на грабнувањето била бремена во 5 месец. Положбата уште повеќе се усложнувала со напредувањето на нејзината бременост. Оттука, четата на Сандански се нашла во мошне деликатна ситуација. Во еден момент на очајание Јане, пред Цилка, искажал жалење поради нивното грабнување и дека никогаш повеќе немало да прибегне кон такви методи за доаѓање до пари, колку и да биле потребни за остварување на неговите идеали.[83]

Независно од сложената ситуација, четата настојувала во рамките на своите можности да ги обезбеди сите неопходности и „удобства“ за жените. Само така можело да се замени растројството кај заложничките кои првите 5-6 дена редовно плачеле.[84] Едноставно, жените требало да ја прифатат реалноста и да свикнат на четничкиот живот, а четата требало да свикне на нивните можности и потреби.

Вториот ден по грабнувањето за нив биле обезбедени коњи. Секогаш им била предлагана најдобрата храна со која располагале. Често биле прашувани што сакаат иако реално изборот бил ограничен. Во Селишта, каде што селаните лебот го печеле под вршник, брашното со кое се правел леб за двете жени било сеано двапати низ фино копринено сито, иако тоа не било пракса во тој крај. Другпат, еден четник добил задача да најде јајца. Бидејќи не успеал да најде ниту за пари, тој се втурнал во првиот двор во кој забележал кокошки. Заедно со домаќините ги затвориле кокошките во кошара, а тој останал покрај нив со револвер чекајќи да снесат јајца.[85]

Бидејќи киднапираните биле фатени во летни алишта, со напредувањето на есента и зимата, неопходно било да се обезбедат со соодветна облека. Затоа неколкупати добиле платно и друг неопходен материјал за да си скројат и сошијат топла облека. Покрај неопходното платно, ножици, игли и конци, дури биле обезбедени напрстници, копчиња и ширити за украсување на облеката.[86] Двете жени изработиле облека за очекуваното бебе. Непосредно пред него-

---

[81] Исто, 72-73.

[82] Мис Елен Стон била родена во 1846 година во Роксбри во државата Масачутес. (М. Макдермот, За свобода и съвршенство...., 71.). Таа починала во декември 1927 година во Челси - Масачутес.(Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 105).

[83] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 73.

[84] Спомени на Яне Сандански..., 20.

[85] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 78.

[86] Исто.

вото раѓање тоа имало „прекрасна гардероба - оделата се порабени и извродирани, а кошулките се со безброј плисенца и украси".[87] Овие активности делумно го пополнувале времето на заложничките. Сепак тие со нетрпение го очекувале враќањето на К. Асенов за да разберат до каде се преговорите. Тој пристигнал во предвечерието на Денот на благодарноста.[88] Поради неуспешноста во преговорите со Дикенсон, а да не им го расипе празничното расположение Асенов се прикрил од нив. Американскиот празник четата го одбележала на пригоден начин. Била обезбедена мисирка, која бил зготвена по упатства на жените. Според Мис Стон „денот помина повесело, отколку што очекувавме дека е можно". [89] Следниот ден Асенов им ја кажал непријатната вест од разговорите со Дикенсон, притоа додавајќи: „Сега ќе ве одведеме толку далеку, што дури и птиците нема да знаат каде сте ... Ако е неопходно, 5 години ќе ве држиме, но парите ќе ги добиеме".[90]

Со оглед на напреднатата есен и претстојната зима, како и одолговлекувањето на преговорите се појавил предлог четата да се пресели во Арџанското Езеро, каде што густите трски давале широка можност за прикривање и избегнување на суровата планинска зима. Меѓутоа, одлучиле да се задржат во Пирин.[91] Најдолго време четата престојувала околу Селиште и Покровник. Една ноќ во Селиште во соседната соба се нашле тројца заптии. Домаќинот ги опијанил заптиите, а четата се извлекла незабележана. Оттаму заминале во Сушичката Планина каде што останале 4 дена во специјално приготвени колиби.[92]

Додека четата се криела од османлиските потери, таа се нашла во опасност од врховистичкиот војвода Дончо. Тој бил дотолку поопасен бидејќи како стар арамија одлично го познавал теренот и условите. Сандански во своите спомени вели: „Имав чиниш претчуство, дека Дончо ќе дојде. Сонував еден сон и бев уверен, дека ќе стане нешто".[93] Навистина сонот се претворил во јаве.

Зафатеноста на Сандански, Чернопев и Асенов со аферата го олеснило пробивот на Дончо во Џумајско. Напорите на С. Михајлов преку демаскирање на врховистичката политика пред населението не успеале за долго да го спречат врховистичкиот налет.[94] Од Струмичко стигнала вест дека Дончо успеал да го фати и ликвидира учителот Алексансдар Илиев - учесник во одвлекувањето на Мис Стон. Од него Дончо се добрал до организационата шифра.[95] Поради тие настани Чернопеев и Асенов, тргнале да разберат што се случува и да се спротивстават. С. Михајлов ги известил дека Саев тргнал од Дупница во помош

[87] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 64.

[88] Официјален празник на САД ( во последниот четврток на ноември) во чест на првите колонизатори на Масачутес, кој традиционално се прославувал со печени мисирки. (М. Макдермот, За свобода и съвършенство...., 77. бележка 34.).

[89] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 77.

[90] Исто, 78.

[91] Исто, 79.

[92] Спомени на Яне Сандански..., 20.

[93] Исто, 21.

[94] Поопширно за тоа види: Спомени на С. Михайлов..., 88-89.

[95] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 80.

на Дончо. Тие го пресретнале и разоружале Саев во Селиште. Во меѓувреме дознале дека Дончо собрал голема чета за да го нападне Сандански и да ги одземе жените. Тој им ветил на учесниците во акцијата по 20 лири, еден револвер и по една манлихера. За да добијат во време Чернопеев и Асенов се обиделе да преговараат со Дончо, но тоа не дало резултати.[96]

Во такви околности Сандански останал со неколкумина четници во Тросково. Тамошниот селски раководител, Спасе, требало да обезбеди курир кој ќе ги одведе во друго прибежиште. Меѓутоа поради злоупотреба на организациони пари, Спасе поминал на страната на ВК.[97] По негова покана во Тросково дошол Дончо со 78 луѓе, кои се сместиле околу неговата куќа.[98] Забележувајќи дека куририот доцни, Сандански испратил свои луѓе кај Спасе за да дознаат што се случува. Тие ненадејно биле нападнати од Дончо и едвај се спасиле со бегство.[99] Веднаш потоа Дончо испратил две жени во куќата кај Сандански за да побараат газија, но со задача да откријат колкава е четата. Тие биле задржани и по распитот признале дека се испратени од Дончо. Набрзо започнала меѓусебна престрелка, која траела цела ноќ. Тогаш Сандански ги преместил Мис Стон и Цилка во една побезбедна соба во внатрешноста на куќата. Бидејќи Дончо не дознал колкава е четата на Сандански не се осмелил да нападне од близу. Утрото Дончо, испратил „парламентарец“ за да соопшти дека тој го напуштил селото, меѓутоа, парламентарецот бил препознат и убиен.[100] Брзо потоа двете чети го напуштиле селото. На пат кон Лешко, Сандански ги сретнал Чернопеев и Асенов, кои воделе 50 селани на помош, но Дончо веќе се повлекол.[101]

По судирот со Дончо, Сандански со заложничките повторно ја минал границата на Бугарија и се сместиле во с. Црвиште. Таму останале околу 3 седмици, а преговорите никако да се доведат при крај. Времето за породување на Цилка наближувало. Сложената и напнатата ситуација го принудила Сандански на 17.12.1901 година да ѝ соопшти на Мис Стон, дека тие се готови на каква било сума.[102] Очајничкиот момент кај Сандански го забележал и Х. Чернопеев: „Јас сум го видувал со пот на голата глава сред зимските мразеви околу нас. Сум го видел да избегнува сам меѓу дрвјата, да ги стиска големите јумруци и да скрца со забите“.[103]

Силните бугарски потери го принудиле Сандански повторно да се врати во Македонија. Тој планирал да замине во родното Влахи, каде ќе се породи Цилка. Само еден ден по нивното заминување од Бугарија, полицијата ја претресла куќата во која престојувале.[104] На пат кон Влахи, Цилка добила породилните болки. Затоа се сместиле во една куќарка крај с. Србиново. За тој

---

[96] Исто.
[97] Спомени на Сава Михайлов..., 90.
[98] Спомени на Яне Сандански..., 21.
[99] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 81.
[100] Спомени на Яне Сандански..., 21.
[101] Исто.; Спомени на Чернъо П'ев..., 59.
[102] Л.Б.Шерман, Пожари в планината..., 67.
[103] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 82.
[104] Л.Б.Шерман, Пожари в планината..., 67.

чин четата се подготвувала два месеца. Улогата на бабици ја одиграле две постари жени, кои Сандански ги повикал специјално.[105] Тоа било на 22.12.1901/ 4.01.1902 година.[106] Новороденчето било крстено Елена во чест на Елен Стон и мајка и на Цилка.[107] Со тоа, четата се здобила со нов член. Бројот на заложничките се зголемил на три од кои две беспомошни. Оттука одговорноста на четата станала уште поголема.



*Мис Елен Стоун, Елена и Катерина Цилка*

Мис Стон и Катерина Цилка биле крајно изненадени од срдечноста и одговорноста на четата кон новиот сопатник. Само неколку часа по породувањето четниците биле допуштени да ѝ честитат на родилката и да го благословат бебето. Притоа еден од нив ја изедначил Цилка со Дева Марија. „Не, возвратил друг четник, - таа е маченица; ниту една жена не страдала како неа".[108] За односот на Сандански кон бебето Цилка вели: „Два или три часа покасно се појави самиот водач. Тој беше висок, набиен и мургав. Очите му, друг пат свирепи, сега беа наведнати ... потонат во длабоки размисли. Секој пат кога бебето ќе заплачеше или кивнеше тој се сепнуваше ... мис Стон го зеде детето и го подаде на водачот. Отпочеток изгледаше збунет, но додека го гледаше малото беспомошно суштество во своите силни раце, на лицето му се појави насмевка... која почна да станува подолга... За мене тој веќе не беше разбојник, туку брат, татко, закрилник на моето дете".[109]

[105] Спомени на Јане Сандански..., 22.

[106] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 82.

[107] Исто, 83, белешка 53.

[108] Исто, 82.

[109] Исто, 83.

Веднаш потоа Сандански наредил да се обезбеди храна за родилката, а „бабицата“ ја испратил на заслужен одмор. Тој останал да го чува детето преку ноќ. „Бебето слатко спиеше во неговите силни машки раце ... Таму, од страна, беше револверот, таму беше страшната кама и пак таму малото бебе, нежно гушнато во тие чиниш железни раце. Истовремено се насмеав и расплакав од радост. Му заблагодарив на бога за благородноста во тој човек ... Водачот се држеше заштитнички кон бебето. Го нарекуваше ... ‘малата ајдутка’, ‘ќерка на четата’, а најсаканото име за неа му беше ‘ксметчето’. Тој правеше сè, во неговите можности за да се чуствуваме удобно ... Тој не мислеше и не говореше за ништо друго, освен за малото ‘ксметче’. Се смееше, се шегуваше, изгледаше така среќен, чиниш тоа беше негово сопствено дете.“[110]

Радоста и среќата биле краткотрајни. Во Србиново дошол аскер, поради што четата морала да замине, на третиот ден од породувањето на Цилка. Проблемот бил во тоа што таа не можела ниту да јава, ниту да пешачи. За неа бил приготвен специјален сандак. Така ставена во сандак и товарена на коњ стигнале во Влахи, каде останале 9 дена.[111]

По пат дотаму поради плачот на бебето, кај Чернопеев и некои четници се појавила идеја да се убие бебето, па дури и жените, бидејќи можело да бидат откриени. Сандански се спротивставил со зборовите: „Ако ги погубиме, се убиваме себе и своето дело пред народот; впрочем нека изумреме сите, но да не го погребеме нашето дело“.[112] Неговата грижа за безбедноста на трите заточенички се гледа од упатставата дадени до Јане Григоров, при престојот во една осамотена куќа меѓу Езерец и Оштава. Сандански притоа заповедал: „Таа жена ќе ја гледате, како принцеза да се гледа. Влакно не смее да и падне од главата. Минутка, не треба да биде ниту гладна, ниту жедна ... Пиле ако влезе во таа куќа, не треба живо да излезе, а камо ли човек. Американката ни е многу потребна и ако успееме, ќе има голема полза за нашето дело. Сите сомнителни, кои се навртуваат околу куќата да бидат ликвидирани“.[113] Таквите упатства биле неминовни бидејќи резултатите од преговорите веќе биле на повидок, а парите на дофат. Заложничките, потајно го нарекле Сандански „добриот човек“, а Чернопеев „лошиот човек“.[114]

**6.** Со формирањето на Комитетот за преговори, акцијата за плаќање на откупот и ослободувањето на Мис Стон била забрзана, но се појавиле и нови заплети. За да ја олесни работата на Комитетот американскиот вршител на работите во Цариград објавил дека располага со 66.000 долари. На 17.12.1901 година, Пит и Гарџиоло тргнале за Солун како претставници на Комитетот за преговори. Тие планирале да заминат за Џумајско или Разлошко за да се поврзат со четата. Притоа како преведувач го ангажирале мисионерот Џон Хаус. Во Солун побарале од бугарскиот трговски агент да им обезбеди водач што ја познава разлошката околина. Шопов ги одбил со образложение дека во Со-

[110] Исто.
[111] Спомени на Яне Сандански..., 22.
[112] М. Макдермот, За свобода и съвършенство..., 84.
[113] Исто.
[114] Исто, 85.

лун не може да се најде таков човек.[115] Сепак тие успеале преку англискиот конзул Билјоти да испратат посредник на 22.12.1901 година, кој требало да ја извести четата дека Комитетот располага со 61.000$, т.е 14.000 лири. Истата вест ја пуштиле и во Софија. Веднаш потоа Пит, Гарџиоло и Хаус заминале за Сер да го причекат одговорот.[116]

Со формирањето на Комитетот за преговори и со започнувањето на неговите активности, поранешниот преговарач Дикенсон, практично бил изолиран. Меѓутоа, Дикенсон ги игнорирал предупредувањата за немешање во преговорите и повикувајќи се на своите претходни овластувања од страна на Департментот кои не биле повлечени продолжил да дејствува самостојно, сметајќи се за овластен преговарач. Оттука произлегла расправија и меѓусебни обвинувања помеѓу Лејшман и Дикенсон. Во тоа се вмешале Гарџиоло и Пит, кои го обвиниле Дикенсон дека објавил 500 лири повеќе од понудените 14.000 од нивна страна.[117] На тој начин во пракса се појавиле два американски преговарача. На една страна бил Дикенсон, кој немал поддршка, но имал контакт со четата, а на друга бил Комитетот, кој имал проблеми при воспоставувањето на врска со четата.

Додека Американците се расправале кој да ги води преговорите, Мис Стон и Цилка продолжувале во заложништво. Во декември во дипломатските кругови, се прошириле гласини дека Катерина Цилка се породила,[118] дека таа починала при породувањето, а Стон од жал за неа.[119]

Додека Комитетот го очекувал одговорот од својот посредник, Дикенсон преку Д. Тодоров (бивш ученик на Хаус), дознал дека четата е подготвена да прифати откуп за пониска цена од првобитната. Меѓутоа, Дикенсон не добил дозвола да замине за Софија и да ги обнови преговорите. Напротив, Лејшман го известил Департментот дека ангажманот на Дикенсон може да ја усложни ситуацијата. Тогаш Дикенсон се одлучил преку Тодоров да ја извести четата, дека Комитетот е подготвен да ја плати целата сума за откупот. Непознато е дали оваа информација стасала до К. Асенов.[120] Тој околу 1.1.1902 година го известил Тодоров дека четата ги прифаќа понудените 14.500 лири од Дикенсон. За прецизирење на условите побарал средба со Хаус во Банско. И по овој напредок Лејшман не му дозволил на Дикенсон да се вклучи во преговорите.[121]

Дикенсон самоиницијативно го поканил Хаус да дојде во Банско и да се сретне со преговарачите. Притоа, потенцирал дека претставникот на четата треба да го потврди својот идентитет со писмото од неговиот агент, кое на грбот треба да биде заверено со потписот на Мис Стон.[122] На 3.1.1902 година мисионерот од Самоков Едвард Хаскел му доставил писмо на Хаус од Тодоров во кое се потврдени претходните информации од писмата на Дикенсон и во

---

115 Л.Б.Шерман, Пожари в планината..., 73.
116 Исто, 74.
117 Исто, 74-75.
118 АМ, ф. ФО, мф. 331, 78/5148, No. 174, 17.12.1901.
119 Л.Б.Шерман, Пожари в планината..., 72.
120 Исто, 76.
121 Исто.
122 Исто, 77.

кое се велело дека копија од истото писмо со заверка од Мис Стон ќе добие во Банско. По извесно натегање на Хаус му било дозволено да замине за Банско, каде се нашол по три дена.[123]

На 12.1.1902 К. Асенов се вратил во четата со веста за постигната спогодба. Тој го донел писмото од посредникот на Дикенсон до Хаус, кое Мис Стон го заверила со својот потпис од задната страна.[124] Веднаш потоа Сандански, Асенов и С. Михајлов заминале за Банско. Со жените останал Чернопеев.[125] Околу 16-17 јануари Сандански и Асенов се сретнале со Хаус. Тој во принцип се сложил парите да се предадат на 25 јануари во близината на Банско, а жените да се ослободат на друго место. Притоа, Хаус им соопштил дека му се неопходни консултации со Гарџиоло и Пит, кои во меѓувреме дошле во Г. Џумаја. Тие се разделиле со него со вет вање дека ќе се вратат на 22 јануари. Сандански и Асенов сватиле дека Хаус н е овластен да постигне конечен договор. За нив Гарџиоло и Пит биле сосем непознати имиња.[126] Оттука, произлегла извесна доза на сомнеж за евент лна стапица.

Во меѓувреме, Пит и Гарџиоло до иле известување од Лејшман „да не губат време“.[127] Тие ги прифатиле услов г, плаќањето на откупот да се изврши пред ослободувањето на жените. Гарџ оло телеграфски известил во Цариград да се испратат парите за откупот. стовремено сугерирал за начинот на нивниот транспорт. Парите требало да с испратат преку Серес до Демирхисар со воз, а оттаму со караван кон Г. Џумај . Тој сугерирал османлиските власти да не превземат активности што ќе ја попречат работата на Комитетот за преговори.[128] На 20.1.1902 година, од Цариград тргнал специјалниот вагон со посебно обезбедување. Лејшман едвај извлекол ветување од големиот везир да се прекинат движењата на војската во Џумајско, а обезбедувањето да ги остави парите каде Гарџиоло ќе побара. Соработката меѓу османската власт и Комитетот за преговори траела до оној момент додека власта не осетила дека Американците сакат откупот да го платат на турска територија.[129] По пристигањето на парите во Демирхисар османлиското присуство се засилило насекаде. По два дена караванот од три коли со силно обезбедување се упатил кон Г. Џумаја. По пат бројот на стражата постојано се зголемувал па така до Г. Џумаја достигнал 100 војници. Наместо да ги проследат Гарџиоло и Пит заедно со конвојот до Банско, тие ги оставиле во Разлог. Кога тие на 26.1.1902 стигнале во Банско, ден по истекот на рокот за откупот, тоа било опколено од 250 војници.[130] Во Банско се сместиле во Протестантскиот центар, а Хаус во куќата на Иван Грнчаров. Поради силното присуство на војската не можеле да се поврзат со четата. Оттука по два дена дури планирале да се откажат. Од 21 до 31 јануари се водела постојана преписка со османлиските власти за да се нама-

---

123 Исто.
124 М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 85.
125 Спомени на Яне Сандански..., 22.
126 Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 78.
127 Исто, 79.
128 Исто.
129 Исто, 80.
130 Исто, 81.

ли воениот притисок. [131]

На 31 јануари претставниците на Комитетот биле поканети на вечера во куќата на Константин Петканчин од страна на Сандански, К. Асенов и С. Михајлов.[132] Во средбата Хаус се однел игнорантски кон Пит и Гарџиоло не преведувајќи им цели делови од разговорите. Тој од името на владата САД ги прифатил следните услови: 1. да се чува во строга тајност местото и времето на размената; 2. дека ќе направи сè, за заштита од власта на невините кои влегле во врска со четата; 3. за Цилка да се вложат истите усилби како и за Стон, за да не биде изложена пред власта; 4. ќе ги заштитити Константин Петканчин и Иван Гранчаров зошто ги олесниле преговорите со Комитетот.[133] По предлог на Сандански парите требало да се извадат од куферите во кои се чувале и да се пренесат на друго место, а наместо нив да се стави олово и да се вратат назад.[134] Со тоа требало да се добие впечаток дека преговорите продолжуват и откупот ќе се изврши на друго место. На 1 февруари Гарџиоло телеграфирал до Лејшман да испрати телохранители во Драма за да ги пречекат куферите. Следниот ден на 2.2.1902 година, тој известил „откупот е платен".[135]

На кој начин биле извршена замената на 104 килограми злато со олово и како тие биле пренесени од Протестантскиот центар до куќата на Грнчаров, од каде ги превзела четата пред очите на османските војски и многубројните новинари, останува загадочно.[136]

Според претходниот договор Мис Стон и Цилка требало да бидат ослободени десет дена по откупот некаде во Серско. За да може тоа да се изведе безбедно, Комитетот требало да глуми дека преговорите продолжуват и откупот ќе се изврши на друго место. Во таа смисла на 2.2.1902 година, Гарџиоло и Пит заминуваат од Банско заедно со куферите. Во Драма ги предале на своите телохранители, а тие заминале за Серес.[137] Поради силното присуство на војската во Серско, четата не успеала да ги ослободи жените во договорениот рок. За да се олесни тоа, и да се запре османлиското движење на 12.02.1902 година, Портата била известена дека откупот е платен. Истовремено на телохранителите им било наредено да го напуштат обезбедувањето на конвојот со „парите" и преку Солун да се вратат за Цариград.[138] Меѓутоа османлискиот воен притисок не попуштал. На 20 февруари четата јавила во Банско дека жените се добри но не можат да ги ослободат поради присуството на војската.[139] За нив бил задолжен Х. Чернопеев.[140] За да го избегне контактот со војската, наместо на југ, како што било договорено, тој ги повел на север преку Оштава и Сенокос.[141] Во Разловци ги предал по канал на Андон Ќосето. Тој ги

131 Исто, 82.
132 М. Макдермот, За своба и съвршенство..., 86.
133 Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 86.
134 Спомени на Яне Сандански..., 23.
135 Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 83.
136 Исто, 83-85.
137 Исто, 88.
138 Исто, 89.
139 Исто, 91.
140 Спомени на Чернъо П'евъ..., 60.
141 Спомени на Яне Сандански..., 23.

довел до с. Градашорци во непосредна близина на Струмица, каде што биле ослободени.[142] Двете заложнички при ослободувањето добиле храна и по 1 лира за патни трошоци. Тоа се случило на 23.2.1902 година.[143]

Парите од откупот под раководство на Ј.Сандански и К. Асенов и С. Михајлов со помош на 15-члената чета преку Разлошко и Доспат безбедно биле пренесени во Бугарија.[144] Првата станица била с. Белово. Оттаму К. Асенов и С. Михајлов заминале за Пловдив, каде што купиле алишта и по една чанта за секој во четата.[145] Истовремено во Пловдив биле оставени 2.000 лири на чување кај Михаил Бојаџиев.[146] Преправени како трговци Савата, Сандански и Асенов заминале за Софија. Оттаму веднаш го известиле Делчев и го повикале да дојде.[147] Бидејќи меѓу Ѓ. Петров и Т. Делииванов имало недоразбирање околу парите одлучиле да ги остават на чување кај приватни лица до пристигањето на Делчев. Затоа по 4.000 лири биле оставени кај Д. Х. Димов, кај сестра му на Асенов и телеграфистот Узунов.[148] Подоцна парите биле распоредени поинаку. Кај поетот Страшимиров биле доверени 3.000, кај Биолчев 1.000, кај еден лекар 2.000 и тн.[149]

За нивното трошење била формирана специјална четиричлена комисија.[150] Главните актери во акцијата: Сандански, Асенов и Чернопеев за себе не зеле ништо. Четниците што учествувале во одвлекувањето добиле по еден револвер и по 2 лири. Интересно Асенов кој оставил на чување кај сестра му 4.000 лири, на заминување од таму позајмил пари за пат. Делчев го знаел тоа. Затоа одлучил да испрати по 5 лири на сопругата на Чернопеев и на татко му на Јане, Иван Сандански. Последниот, знаејќи го карактерот на својот син од страв да не му се скара отишол да се консултира со Иван Харизанов дали да ги прими парите.[151] Комисијата за трошење на парите одлучила да испрати 150 лири на комитетот во Г. Џумаја како компензација за трошоците за време на аферата.[152] Најголемиот дел од „мисстонките“ проголтала борбата со врховизмот.

**7.** Аферата Мис Стон извршила огромна афирмација на македонското ослободително дело во меѓународната јавност и сред дипломатијата. За тоа посебно придонел коректниот однос на двете заложнички Елен Стон и Катерина Цилка. Тоа се случило уште во Струмица првиот ден од нивното ослободување. Прво отишле во тамошната протестантска црква. Мис Стон при-

---

142 Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ..., 29.
143 Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 91-92.
144 Спомени на С. Михайловъ..., 90.
145 Исто.
146 Спомени на Яне Сандански..., 23.
147 Спомени на С. Михайловъ..., 90- 91.
148 Спомени на Яне Сандански ... 23.
149 Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 155.
150 Според Ѓ. Петров во неа влегле: Г. Делчев, Н. Малешевски, Т. Делииванов и Д. Стефанов. (Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 155.). Меѓутоа С. Михајлов истакнува дека тој бил еден од членовите на четиричлената комисија. (Спомени на С. Михайловъ...,92.). Додека пак според Л. Б. Шерман во комисијата влегле: Ѓ. Петров, Н. Малешевски, Т. Делииванов и С. Михајлов. (Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 86.)
151 М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 88.
152 Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 86.

тоа рекла: „Да се помолиме за тие браќа во горага, кои работат за слободата на своите браќа и кои покажаа кон нас поголеми грижи, отколку што покажаа нашите родители. Тие ги изложија своите животи за да не заштитат".[153]

По пристигањето во Солун, тие се сместиле во куќата на тамошниот конзуларен агент на САД, Х. Лазаро, кој бил руски поданик.[154] Елен Стон тврдела дека грабнувачите не се разбојници, туку луѓе од Организацијата која имала за цел да ја ослободи Македонија. Според тврдењето на Мис Стон тие биле грабнати бидејќи со својата мисионерска дејност ги одвраќале македонските луѓе од нивната национална религија-православието. Таа истакнала дека таква судбина ги очекувала сите протестантски мисионери доколку не престанат да ги збунуваат православните. Освен тоа, тие зборувале како за време на заложништвото цело време биле опколени со внимание и не биле лишени од ништо, а за време на породувањето на Цилка, била донесена акушерка.[155] Рускиот генерален конзул во Солун во своите извештаи истакнува дека Мис Стон со задоволство зборувала за престојот во четата , но констатира дека таа крие многу други нешта.[156]

Аферата Мис Стон уште во ноември 1901 година зела значајно место во печатот во САД. Со започнувањето на акцијата за собирање на доброволниот прилог за откупот, македонското прашање добило трајно место во американската јавност, како еден од најострите проблеми во Европа.[157] По ослободувањето на Стон, јавноста во САД разбрала дека нејзиното киднапирање не било дело на разбојници, туку важна епизода од борбата за слобода и човечки права.[158]

Интересот на американската јавност за заложничкиот период на Мис Стон се покажал уште за време на нејзиниот престој во Солун. Таа од редакцијата на „Mac Clures Magazin", во Њујорк добила понуда од 45.000 долари за да подготви расказ за нејзиното заложништво и да одржи 50 предавања по Америка со платени трошоци.[159]

По враќањето во САД, Мис Стон, продолжила да ги заштитува своите грабнувачи, притоа не давајќи никакви информации за четата и местата низ кои се движеле. Таа станала голем заштитник на идејата за „Независна Македонија". Мис Стон тврдела дека за инцидентот била одговорна Османската империја, која не ги исполнила своите обврски од чл. 23 на Берлинскиот договор. Американскиот совет ја предупредил Мис Стон дека ќе се дистанцира од неа, доколку ги продолжи своите „антитурски и промакедонски беседи".[160]

Слични настапи во САД организирала и Катерина Цилка, која таму заминала летото 1903 година. Носејќи го со себе бебето Елена, таа заработила

---

[153] М. Макдермо, За свобода и съвършенство..., 87.

[154] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.1, Куманово, 1995, 346.

[155] Исто, 346-347.

[156] Исто, 367-369.

[157] Трендафил Митев, САЩ и Македония до разделянето на областа през 1919 г. - Македонски Преглед, г. XXI, кн. 2, София, 1998, 35.

[158] Исто.

[159] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.1, 369.

[160] Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 95.

довел до с. Градашорци во непосредна близина на Струмица, каде што биле ослободени.[142] Двете заложнички при ослободувањето добиле храна и по 1 лира за патни трошоци. Тоа се случило на 23.2.1902 година.[143]

Парите од откупот под раководство на Ј.Сандански и К. Асенов и С. Михајлов со помош на 15-члената чета преку Разлошко и Доспат безбедно биле пренесени во Бугарија.[144] Првата станица била с. Белово. Оттаму К. Асенов и С. Михајлов заминале за Пловдив, каде што купиле алишта и по една чанта за секој во четата.[145] Истовремено во Пловдив биле оставени 2.000 лири на чување кај Михаил Бојаџиев.[146] Преправени како трговци Савата, Сандански и Асенов заминале за Софија. Оттаму веднаш го известиле Делчев и го повикале да дојде.[147] Бидејќи меѓу Ѓ. Петров и Т. Делииванов имало недоразбирање околу парите одлучиле да ги остават на чување кај приватни лица до пристигањето на Делчев. Затоа по 4.000 лири биле оставени кај Д. Х. Димов, кај сестра му на Асенов и телеграфистот Узунов.[148] Понасно парите биле распоредени поинаку. Кај поетот Страшимиров биле доверени 3.000, кај Биолчев 1.000, кај еден лекар 2.000 и тн.[149]

За нивното трошење била формирана специјална четиричлена комисија.[150] Главните актери во акцијата: Сандански, Асенов и Чернопеев за себе не зеле ништо. Четниците што учествувале во одвлекувањето добиле по еден револвер и по 2 лири. Интересно Асенов кој оставил на чување кај сестра му 4.000 лири, на заминување од таму позајмил пари за пат. Делчев го знаел тоа. Затоа одлучил да испрати по 5 лири на сопругата на Чернопеев и на татко му на Јане, Иван Сандански. Последниот, знаејќи го карактерот на својот син од страв да не му се скара отишол да се консултира со Иван Харизанов дали да ги прими парите.[151] Комисијата за трошење на парите одлучила да испрати 150 лири на комитетот во Г. Џумаја како компензација за трошоците за време на аферата.[152] Најголемиот дел од „мисстонките" проголтала борбата со врховизмот.

**7.** Аферата Мис Стон извршила огромна афирмација на македонското ослободително дело во меѓународната јавност и сред дипломатијата. За тоа посебно придонел коректниот однос на двете заложнички Елен Стон и Катерина Цилка. Тоа се случило уште во Струмица првиот ден од нивното ослободување. Прво отишле во тамошната протестантска црква. Мис Стон при-

---

[142] Пленяването на Мисъ Ел. Стонъ..., 29.
[143] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 91-92.
[144] Спомени на С. Михайловъ..., 90.
[145] Исто.
[146] Спомени на Яне Сандански..., 23.
[147] Спомени на С. Михайловъ..., 90- 91.
[148] Спомени на Яне Сандански ... 23.
[149] Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 155.
[150] Според Ѓ. Петров во неа влегле: Г. Делчев, Н. Малешевски, Т. Делииванов и Д. Стефанов. (Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 155.). Меѓутоа С. Михајлов истакнува дека тој бил еден од членовите на четиричлената комисија. (Спомени на С. Михайловъ...,92.). Додека пак според Л. Б. Шерман во комисијата влегле: Ѓ. Петров, Н. Малешевски, Т. Делииванов и С. Михајлов. (Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 86.)
[151] М. Макдермот, За свобода и съвршенство..., 88.
[152] Л. Б. Шерман, Пожари в планината..., 86.

тоа рекла: „Да се помолиме за тие браќа во горага, кои работат за слободата на своите браќа и кои покажаа кон нас поголеми грижи, отколку што покажаа нашите родители. Тие ги изложија своите животи за да не заштитат“.[153]

По пристигањето во Солун, тие се сместиле во куќата на тамошниот конзуларен агент на САД, Х. Лазаро, кој бил руски поданик.[154] Елен Стон тврдела дека грабнувачите не се разбојници, туку луѓе од Организацијата која имала за цел да ја ослободи Македонија. Според тврдењето на Мис Стон тие биле грабнати бидејќи со својата мисионерска дејност ги одвраќале македонските луѓе од нивната национална религија-православието. Таа истакнала дека таква судбина ги очекувала сите протестантски мисионери доколку не престанат да ги збунуваат православните. Освен тоа, тие зборувале како за време на заложништвото цело време биле опколени со внимание и не биле лишени од ништо, а за време на породувањето на Цилка, била донесена акушерка.[155] Рускиот генерален конзул во Солун во своите извештаи истакнува дека Мис Стон со задоволство зборувала за престојот во четата , но констатира дека таа крие многу други нешта.[156]

Аферата Мис Стон уште во ноември 1901 година зела значајно место во печатот во САД. Со започнувањето на акцијата за собирање на доброволниот прилог за откупот, македонското прашање добило трајно место во американската јавност, како еден од најострите проблеми во Европа.[157] По ослободувањето на Стон, јавноста во САД разбрала дека нејзиното киднапирање не било дело на разбојници, туку важна епизода од борбата за слобода и човечки права.[158]

Интересот на американската јавност за заложничкиот период на Мис Стон се покажал уште за време на нејзиниот престој во Солун. Таа од редакцијата на „Mac Clures Magazin“, во Њујорк добила понуда од 45.000 долари за да подготви расказ за нејзиното заложништво и да одржи 50 предавања по Америка со платени трошоци.[159]

По враќањето во САД, Мис Стон, продолжила да ги заштитува своите грабнувачи, притоа не давајќи никакви информации за четата и местата низ кои се движеле. Таа станала голем заштитник на идејата за „Независна Македонија“. Мис Стон тврдела дека за инцидентот била одговорна Османската империја, која не ги исполнила своите обврски од чл. 23 на Берлинскиот договор. Американскиот совет ја предупредил Мис Стон дека ќе се дистанцира од неа, доколку ги продолжи своите „антитурски и промакедонски беседи“.[160]

Слични настапи во САД организирала и Катерина Цилка, која таму заминала летото 1903 година. Носејќи го со себе бебето Елена, таа заработила

153 М. Макдермо, За свобода и съвршенство..., 87.
154 Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, т.1, Куманово, 1995, 346.
155 Исто, 346-347.
156 Исто, 367-369.
157 Трендафил Митев, САЩ и Македония до разделянето на областа през 1919 г. - Македонски Преглед, г. XXI, кн. 2, София, 1998, 35.
158 Исто.
159 Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот..., т.1, 369.
160 Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 95.

многу пари.[161] Аферата Мис Стон придонела во текот на Илинденското востание во американскиот печат да има пообјективни написи за ситуацијата во Македонија. На 1.1.1904 година, Мис Стон издала Апел во кој вели: „Сегашното избивање на илјади христијани и уништувањето на стотици села е победа на муслиманскиот деспотизам над христијанството и христијанската цивилизација на XX век. Зарем верниците од целиот христијански свет ќе останат безшумни и нема да возвратат на горчливите лелеци на оние што умираат во Македонија?“.[162]

Афирмацијата на македонското дело во врска со аферата доаѓала од сите страни. Така на пример во почетокот на 1903 година англискиот конзул Елиот во еден извештај до англискиот министер за надворешни работи Ленсдаун информира за разговорот на мисионерот д-р Кларк со братот на Цилка, Стефанов.[163] Тој истакнал дека одвлекувањето на Мис Стон го извршиле членови на македонскиот комитет, „кои дале заклетва дека откупните пари ќе бидат чесно употребени во каузата за македонската слобода...“.[164]

Аферата Мис Стон придонела за подолготрајно присуство на македонското прашање во американскиот Конгрес и Дапартментот и по нејзиното завршување. Департментот неколку пати расправал дали парите за откупот треба да се барат од Османската империја, или ќе ги врати САД.[165] Во периодот од 1908 до 1912 година Сенатот неколку пати прифаќал законски проекти за исплаќање на доброволните прилози, но Конгресот ги одбивал. Конечно на 21.3.1912 година, Конгресот прифатил законски проект „кој дава можност на државниот секретар да ги врати парите на оние дарители, кои во рок од 2 години од прифаќањето на законот ќе поднесат барање да им се вратат парите дадени за откупот на Мис Стон“.[166] Како донатори за откупот на Мис Стон се регистрирани 2.261 лице кои подариле од 10 центи до 5.000 долари.[167]

---

161 Исто, 105. Семјството Цилка се населило во Корча. По враќањето од САД, Глигор отворил во Корча протестанска енорија и училиште. Катерина родила уште две ќерки и еден син.Починала во 1952 година во Тирана на 86 годишна возраст. Додека пак некогашното бебе Елена, завршила протестантски колеџ во Цариград и се омажила за американскиот конзул во Тирана Џорџ Мајнер. Меѓутоа, таа починала на 24 годишна возраст од туберколоза.

162 Т. Митев, САЩ и Македония ..., 40-41.

163 Крсте Битоски, Дипломатски одгласи на Илинденското востание, Скопје, 1983, 68.

164 Исто, 70, белешка 49.

165 Л. Б.Шерман, Пожари в планината..., 100-104.

166 Исто, 104.

167 Исто, 119, белешка 37.